Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 11, 19 септември 2008 година

септември 2008
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметот Трудово право и други сродни правни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предмети од областа *граѓанско право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *геологија*, по предметите Палеонтологија и стратиграфија, Геотехнички објекти 1, Рекламација и рекултивација на земјиштето и предметите од Катедрата за геологија и геофизика на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент по предметот Казнено право и други сродни правни дициплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) по предметите Основи на економијата, Применета економија и други сродни наставно -научни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот *„Механизација во градинарството и цвеќарството”,* од проф. д-р Ристе Кукутанов од Земјоделски факултет - Струмица и асс. м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје ........ 21

Издавач
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 1 јули 2008 година со Одлука (бр. 0210-686/19/4), го одобри објавувањето на конкурсот во весникот „Дневник“ на 9 јули 2008 г. за избор на асистент од научната област ***развивање на софтвер и бази на податоци*** при Факултетот. На конкурсот се пријави само кандидатката, м-р Александра Никола Милева и, по разгледување на доставениот материјал, како и од лично познавање на кандидатката, до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика го доставуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Александра Никола Милева е родена на 6 април 1975 година во Штип, Р. Македонија.

Основно и средно образование завршува во Штип, со континуиран одличен успех. Во учебната 1993/94 година се запишува на Природно-математичкиот факултет во Скопје, студии по информатика, применета насока. Дипломира во 1998 година како најдобро дипломиран студент на Институтот за информатика, со просечен успех 9,06 со што се стекнува со звање дипломиран инженер по информатика. Во текот на студиите посетува семинари одржувани на Институтот за информатика и е ангажирана во изработка на повеќе проекти. Дипломската работа со наслов *„Мрежно програмирање и JAVA”* ја изработила под менторство на проф. д-р Оливер Б. Попов. Во учебната 1998/99 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за информатика, насока Сметачко-комуникациски мрежи. На 23.10.2004 година ја одбранува магистерската теза со наслов *„Автентикација кај мобилни ad hoc мрежи”* под менторство на проф. д-р Оливер Б. Попов и се стекнува со академски степен магистер на информатички науки. Во тек е изработката на нејзината докторска дисертација *„Криптографски примитиви со квазигрупни трансформации“,* пријавена на Институтот за информатика на ПМФ во Скопје, под менторство на проф. д-р Смиле Марковски.

Во учебните 1999/2000 и 2000/2001 година е ангажирана како демонстратор на Институтот по информатика при ПМФ – Скопје. Во истиот временски период волонтира и на Рударско-геолошкиот факултет во Штип. Во април 2001 година е избрана за соработник со звање помлад асистент на Рударско-геолошкиот факултет во Штип. На 12 октомври 2005 година е избрана во соработничко звање асистент на Рударско-геолошкиот факултет во Штип и ги изведува вежбите по предметите Информатика во рударството, Нумерички методи во рударството и Рудничка графика и дизајн. Од 2007 година работи како асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, каде ги изведува вежбите по предметите Основи на програмирање и Објектно програмирање. За истакнување е нејзиниот коректен однос кон студентите и исполнувањето на сите задолженија од наставниот процес, како и соработката со колегите во колективите во кои работела.

Научниот интерес на м-р Александра Милева е од областа на теоретската и практичната сигурност во комуникациските процеси и компјутерските мрежи. Притоа дава потесен интерес во областа на безжичните мрежи, изработката на криптографски примитиви (блок-шифрувачи, хаш-функции, еднонасочни функции и др.), како и теоретски испитувања во теоријата на квазигрупите. Како млад научен работник, таа има добиено и свои оригинални научни резултати, претставени во трудовите 1 - 4, кои ја потврдуваат нејзината способност за самостојно научно истражување, и кои гарантираат дека таа успешно ќе ги заврши почнатите докторски студии. Исто така, настапила со свои

соопштенија на неколку научни конференции во земјава и во странство.

Кандидатката ги има објавено следниве научни и стручни трудови и презентации на научни конференции.

**Научни трудови:**

1. Mileva A., Popov O.B.: “Analysis of Authentication Protocols for Mobile Ad hoc Networks”, Proceedings of the 2nd Balcan Conference in Informatics (BCI), ISBN 9989-668-49-3, Ohrid, November 2005: pp 462-469.
2. Markovski S., Dimitrova V., Mileva A.: “A new method for computing the number of n-quasygroups”, Buletinul Academiei de Stiinte a Republicii Moldova. Matematica, ISBN 1024-7696, Number 3, 2006: pp 57-64.
3. B. Golomeov, A. Mileva, M. Golomeova: “A software for metal balance of the selective flotation”, Proceedings of Balkanmine 2007, ISBN 978-86-87035-00-3, 10-13 September 2007, pp 287-291.
4. Mileva A., Markovski S.: “Correlation matrices and prop ratio tables for quasigroups of order 4”, Proceedings of the 6th International Conference on Informatics and Information Technology (CIIT), Bitola, February 2008, in print.

**Стручни трудови:**

1. Милева А., Димитрова В.: „Кратка историја на криптографијата I”, СИГМА 76 (2006/2007), ISBN1409-6803, Вол. 27, Бр. 4, 18-21.
2. Димитрова В., Милева А.: „Кратка историја на криптографијата II”, СИГМА 77 (2007/2008), ISBN1409-6803, Вол. 28, Бр. 1, 18-21.
3. Димитрова В., Милева А.: „Кратка историја на криптографијата III”, СИГМА 78 (2007/2008), ISBN1409-6803, Вол. 28, Бр. 2, 1-6.
4. Милева А., Димитрова В.: „Кратка историја на криптографијата IV”, СИГМА 79 (2006/2007), ISBN1409-6803, Вол. 28, Бр. 3, 20-25.

**Презентации на научни конференции:**

1. “Analysis of Authentication Protocols for Mobile Ad hoc Networks”, 2nd Balcan Conference in Informatics (BCI), Ohrid, November 2005.
2. “Avalanche Effect in the Family of Block Ciphers “SD-(n,k)””, NATO Advanced Research Workshop: Scientific Support for the Decision Making in the Security Sector, 21-25 October 2006, Velingrad.
3. “Correlation matrices and prop ratio tables for quasigroups of order 4”, the 6th International Conference on Informatics and Information Technology (CIIT), Bitola, February 2008.

Кандидатката Милева е член на Здружението на информатичарите на Македонија. Од странските јазици зборува и пишува на англиски јазик.

Кандидатката ги исполнува условите според Законот за високото образование и е легитимна за избор на асистент на Факултетот за информатика при УГД - Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на горенаведените факти, како и од лично познавање и соработка со кандидатката м-р Александра Милева, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека пријавената кандидатка како асистент има големо наставно искуство, успешно ги извршува своите работни задачи и соработува како со своите студенти, така и со колегите. Постигнатите резултати во нејзиниот научен интерес веќе ја афирмираа м-р А. Милева како научен работник и се потврда за нејзини уште поголеми успеси во науката.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на ННС на Факултетот за информатика при УГД во Штип да ја избере **м-р Александра Милева** за **асистент** на Факултетот за информатика.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Смиле Марковски - редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.**

**Д-р Солза Грчева-Шопова - вон. професор на ФИ во Штип, с.р.**

**Д-р Цвета Мартиновска - доцент на ФИ во Штип, с.р.**